# АНЕКС НА ПРОПОЗИЦИИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

***ПРВА и ВТОРА ЛИГА - ЖЕНИ и ПРВА ЛИГА - МАЖИ***

**НАТПРЕВАРУВАЧКА СЕЗОНА 2026/2027**

## Член 1.

Прва и Втора лига – жени и Прва лига – мажи ја сочинуваат: (редоследот на екипите од Прва и Втора лига-жени е направен според извршено ждребување со екипите учеснички. Редоследот кај мажите е направен согласно пласманот од натпреварувачка сезона 2025/2026).

### ПРВА ЛИГА – ЖЕНИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | **ОК “ГАЗЕЛИ ВОЛЕЈ“** | Скопје | **(ГЗВ)** |
| 2 | **ОК “МЛАДОСТ УГД“** | Штип | **(МУГ)** |
| 3 | **ЖОК “ВАРДАР ЕМ“** | Скопје | **(ВЕМ)** |
| 4 | **ОК “НАКОВСКИ ВОЛЕЈ“** | Струмица | **(НКВ)** |
| 5 | **ОК “ФИТ ФАН ВОЛЕЈ“** | Скопје | **(ФФВ)** |
| 6 | **ОК “СТРУМИЦА ЖЕНИ“** | Струмица | **(СТЖ)** |
| 7 | **ОК “ПЕЛИСТЕР ВОЛЕЈ“** | Битола | **(ПЛВ)** |
| 8 | **ОК “ФЛАМИНГО ВОЛЕЈ“** | Скопје | **(ФЛВ)** |
| 9 | **ОК “ЈАНТА ВОЛЕЈ-КВ“** | Скопје | **(ЈВКВ)** |
| 10 | **ОК “РАБОТНИЧКИ СКОПЈЕ“** | Скопје | **(РБС)** |

### ВТОРА ЛИГА – ЖЕНИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | **ОК “ФОРЦА ВОЛЕЈ ЕМА“** | Скопје | **(ФВЕ)** |
| 2 | **ОК “УНИВЕРЗИТЕТ во ТЕТОВО“** | Тетово | **(УТЖ)** |
| 3 | **ОК “ШКЕНДИЈА ВОЛЕЈ“** | Тетово | **(ШКВ)** |
| 4 | **ОК “УСКАНА ВОЛЕЈ“** | Кичево | **(УСК)** |
| 5 | **ОК „ЈАНТА ВОЛЕЈ БУТ 2024“** | Скопје | **(ЈВБ)** |
| 6 | **ОК “ШКУПИ“** | Скопје | **(ШКП)** |
| 7 | **ОК “БАМИ КОР“** | Тетово | **(БМК)** |
| 8 | **ГОК “БОРЕЦ“** | Велес | **(БОР)** |
| 9 | **ЖОК “НОВО СЕЛО“** | Ново Село | **(НВС)** |
| 10 | **ЖОК “КУМАНОВО“** | Куманово | **(КУМ)** |

### ПРВА ЛИГА – МАЖИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | **ОК “ШТИП УГД-ШТИП“** | Штип | **(ШУГ)** |
| 2 | **ГОК “БОРЕЦ“** | Велес | **(БОР)** |
| 3 | **ОК “СТРУМИЦА 47&72“** | Струмица | **(СТР)** |
| 4 | **ОК “РАБОТНИЧКИ 71&22“** | Скопје | **(РБМ)** |
| 5 | **ОК “СУШЕВО 1978“** | с.Сушево | **(СУШ)** |
| 6 | **ОК “УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО“** | Тетово | **(УТМ)** |
| 7 | **ОК “ШКЕНДИЈА“** | Тетово | **(ШКД)** |
| 8 | **ОК “ЛИРИЈА“** | с.Жеровјане | **(ЛИР)** |
| 9 | **ОК „СКОПЈЕ“** | Скопје | **(СКО)** |
| 10 | **ОК “МАКЕДОНИЈА ЏИО“** | Струмица | **(ЏИО)** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11 | **ОК “ВЕСНА ПРОБИШТИП“** | Пробиштип | **(ВПР)** |
| 12 | **ОК „ЈАНТА ВОЛЕЈ мажи 2023“** | Скопје | **(JВМ)** |

## Член 2.

Една екипа на натпревар брои максимум 14 одбојкари/ки (регуларни+либеро).

Меѓу избраните играчи за натпревар, бројот на специјализирани одбранбени играчи-Либера, се одредува на следниот начин:

- за екипа составена од 13 и 14 играчи: две либера
- за екипа составена од 12 играчи: до две либера
- за екипа составена од 9 до 11 играчи: до две либера
- за екипа составена до 8 играчи: едно либеро.

## Член 3.

Секоја екипа има право да побара најмногу 2 (два) тајм-аути по сет, во траење од 30 секунди.

## Член 4.

Таксата за Приговорот, која се доставува до Комесарот за натпреварување на ОФМ, изнесува **5.000,00** ден.

Таксата за Жалбата, која се доставува до Дисциплинска комисија на ОФМ, како второстепен орган, изнесува **10% од изречената парична казна**.

## Член 5.

Клубовите се должни да уплатат, во Фондот за заеднички трошоци за реализација на натпреварувањето во натпреварувачката 2026/2027 година:

1. Котизација во еднократен износ од 80.000,00 денари за Прва лига – жени и мажи;
2. Котизација во еднократен износ од 40.000,00 денари за Втора лига – жени и мажи;
3. Котизација во еднократен износ од 20.000,00 денари за екипите кои се натпреваруваат само во млади категории, посебно мажи, посебно жени;
4. Клубовите од Првата лига - мажи и Првата лига - жени, кои немаат селекции во младите категории плаќаат по **60.000,00** денари за развој и унапредување на младинска одбојка;
5. Лиценцата за настап на одбојкарите/одбојкарките за натпреварувачка сезона изнесува **500,00 денари** за сениорска конкуренција и **250,00 денари** за настап во младите категории, и истата се наплаќа во определен рок, по добиена фактура;
6. Покривањето на судиските такси за Финалните натпревари во Купот на ОФМ ќе се дефинира со посебна одлука на ИО на ОФМ;
7. Разликата до реалните трошоци за организација и спроведување на натпреварувањето ќе се уплатува во вид на аконтација, ако биде потребно, за што одлука донесува ИО на ОФМ.

Котизацијата за натпреварување еднократно се уплаќа по добивање на фактура**, во определен рок, најдоцна до закажаниот состанок со екипите-учеснички за натпреварувачката сезона,** на жиро сметка на Одбојкарската федерација на Македонија 240 010 000 111 045, Депонент Уни Банка АД - Скопје, со назнака за Котизација за ДЛ на ОФМ, за што се известува Канцеларијата на ОФМ.

**Екипите коишто не ги подмириле заостанатите долгови и обврски кон ОФМ и не уплатат котизацијата во предвидениот рок, по автоматизам се суспендираат и нема да бидат ждребувани за натпреварување во натпреварувачката 2026/2027 .**

**Член 6.**

Вкупниот нето износ на судиската такса, за службени лица, по натпревар е:

| | | |
|---|---|---|
| **ПРВА ЛИГА – ЖЕНИ** | **Лига, Претколо и 1/4 Куп натпревари** | **10.700,00 ден.** |
| **ПРВА ЛИГА – МАЖИ** | Прв судија | 3.000,00 ден. |
| | Втор судија | 3.000,00 ден. |
| | Делегат – Контролор, Технички - Делегат | 3.000,00 ден. |
| | Записничар | 1200,00 ден. |
| | Ракувач на семафор | 500,00 ден. |

**Забелешка:** Судиската такса со платен ПД изнесува **11.889,00 ден.**
Само за одредени натпревари 2 линиски судии х 1000,00 ден. (Комесар)

| | | |
|---|---|---|
| **ПРВА ЛИГА – ЖЕНИ** | **PLAY OFF-четвртфинале, полуфинале и Куп полуфинале** | **12.200,00 ден.** |
| **ПРВА ЛИГА – МАЖИ** | Прв судија | 3.500,00 ден. |
| | Втор судија | 3.500,00 ден. |
| | Делегат – Контролор | 3.500,00 ден. |
| | Записничар | 1200,00 ден. |
| | Ракувач на семафор | 500,00 ден. |

**Забелешка:** Судиската такса со платен ПД изнесува **13.555,00 ден.**
Само за одредени натпревари 2 линиски судии х 1000,00 ден. (Комесар)

| | | |
|---|---|---|
| **ПРВА ЛИГА – ЖЕНИ** | **PLAY OFF Финале и Куп Финале** | **16.500,00 ден.** |
| **ПРВА ЛИГА – МАЖИ** | Прв судија | 4.000,00 ден. |
| | Втор судија | 4.000,00 ден. |
| | Делегат – Контролор | 4.000,00 ден. |
| | Записничар | 1.500,00 ден. |
| | Ракувач на семафор | 1.000,00 ден. |
| | Линиски судии (2 х 1000,00 ден.) | 2.000,00 ден. |

**Забелешка:** Судиската такса со платен ПД изнесува **18.333,00 ден.**

| | | |
|---|---|---|
| **ВТОРА ЛИГА – ЖЕНИ** | **Лига** | **9.200,00 ден.** |
| | Прв судија | 2.500,00 ден. |
| | Втор судија | 2.500,00 ден. |
| | Делегат – Контролор, Технички - Делегат | 2.500,00 ден. |
| | Записничар | 1.200,00 ден. |
| | Ракувач на семафор | 500,00 ден. |

**Забелешка:** Судиската такса со платен ПД изнесува **10.222,00 ден.**

| | |
|---|---|
| **БАРАЖ натпревар** | **10.700,00 ден.** |
| Прв судија | 3.000,00 ден. |
| Втор судија | 3.000,00 ден. |
| Делегат – Контролор, Технички - Делегат | 3.000,00 ден. |
| Записничар | 1.200,00 ден. |
| Ракувач на семафор | 500,00 ден. |

**Забелешка:** Судиската такса со платен ПД изнесува **11.889,00 ден.**

Само за одредени натпревари 2 линиски судии x 1000,00 ден. (Комесар)

Таксите за судискиот колегиум се плаќаат на трансакциони сметки најдоцна **24 часа** пред натпреварот. Патните трошоци на службените лица им ги плаќа клубот-домаќин во готово, врз основа на поднесените Признаници, најдоцна **1 час** пред почетокот на натпреварот,или на трансакциска сметка.

Клубот-домаќин на натпреварот е должен навремено да ги извести службените лица каде им е обезбедено сместување, доколку тоа е потребно (хотел од соодветна категорија).

Корекција на утврдените начела од овој член, во вонредни околности, донесува Комесарот на ОФМ, а на предлог на клубовите и во согласност со ИО на ОФМ.

## Член 7.

За повреда на Меѓународните одбојкарски правила, Правилникот за натпреварување на ОФМ, Пропозициите за натпреварување на ОФМ за натпреварувачката 2026/2027 година, како и останатите нормативни акти на ОФМ, Комесарот на ОФМ изрекува санкции и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| а) | Непочитување на рокови од административна природа | **5.000,00 –15.000,00 ден.** |
| б) | Неисполнување на условите во салата и теренот | **3.000,00 – 6.000,00 ден.** |
| в) | Грешки од организациска природа | **3.000,00 – 6.000,00 ден.** |
| г) | Непрописна опрема на играчите | **3.000,00 – 6.000,00 ден.** |
| д) | Непочитување на Протоколот за натпреваревар | **3.000,00 – 6.000,00 ден.** |
| ѓ) | Неуредно извршување на финансиските обврски и суспензија | **5.000,00 – 15.000,00 ден.** |
| е) | Пропусти на Судии и Делегати | **3.000,00 – 6.000,00 ден.** |
| ж) | Непримерен и недоличен настап во медиумите | **6.000,00 -12.000,00 ден.** |
| з) | Пишување на неумесни забелешки во записникот, настап на екипа без присуство на тренер, настап на екипа во сениорска категорија со помалку од 8 играчи заведени во записник; | **3000,00 - 6000,00 ден.** |

ѕ) Неспортско однесување на навивачите **5.000,00 - 15.000,00** денари и / или
- за одговорниот клуб **1** до **3** натпревари играње на свој терен без публика
- забрана за играње на свој терен со можност натпреварите да се закажуваат во места кои се оддалечени најмалку **50 км** од пријавениот терен;

и) Непримерно однесување на член на екипа или функционер на клубот (кон членови на противничката екипа, службените лица или публика) **5000,00 - 15 000,00 денари** и/или
- за виновниците- забрана за настап од **1** до **3** натпревари
- за одговорниот клуб **1** до **3** натпревари забрана за играње на сопствен терен, со можност натпреварите да се закажуваат во места кои се оддалечени најмалку **50 км** од пријавениот терен;

ј) Агресивно однесување на членови на екипа и/или функционери на клубот (кон членови на противничка екипа, службени лица, публика)
- **10.000,00** до **30.000,00** денари и/или
- **2** до **4** натпревари забрана на настап на виновникот

к) Загрозување на безбедноста и/или физички напад на членови на службени лица и

потежок инцидент на натпреварот **30.000,00** до **60.000,00** денари и/или

- **3** до **6** натпревари забрана за настап на виновникот и

- за одговорниот клуб **1** до **4** натпревари забрана за играње на сопствен терен, со можност натпреварите да се закажуваат во места кои се оддалечени најмалку **50 км** од пријавениот терен;

л) Прекин на натпреварот (недоигрување до крај) **10.000,00** до **30.000,00** ден. и/или

- **1** до **12** натпревари забрана за настап на виновникот

- за одговорниот клуб **1** до **8** натпревари забрана за играње на сопствен терен, со можност натпреварите да се закажуваат во места кои се оддалечени најмалку **50 км** од пријавениот терен;

љ) За потешки инциденти од предвидените, во претходните алинеи, од овој член, одлука донесува Дисциплинска комисија на ОФМ, по итна постапка;

м) За неправилно и неточно поднесување извештаи од натпреварите – забрана за вршење на должност на службените лица од **1** до **5** натпревари.

н) За не снимање на натпревар и доставување на нецелосно снимен натпревар**- 10 000,00 ден.**

## Член 8.

Комесарот за натпреварување на ОФМ може да изрече суспензија како дисциплинска мерка, согласно член 9 и член 26 од Дисциплинскиот правилник.

## Член 9.

Клубот, кој ќе го предаде натпреварот без играње, односно неоправдано не се појави во закажаното време на теренот, се суспендира по автоматизам.

Санкција за ваков прекршок во текот на лига натпреварувањето е парична казна во износ од **10.000,00 денари**, а во ПЛЕЈ ОФ **30.000,00 денари**, која ја изрекува Комесарот на ОФМ. Клубот може да го одигра натпреварот од следното коло само со доказ дека ја платил горенаведената казна.

Износот на уплатената казна се дели на:

- 50 % за противничката екипа;
- 50 % на Фондот за заеднички трошоци на натпреварувањето.

Во ПЛЕЈ ОФ-от дополнителна санкција е **автоматско губење на вкупното натпреварување, како и поведување на дисциплинска постапка.**

Клубот којшто се пријавил за учество во првенството, се откаже после ждребување или го започнал натпреварувањето, а потоа се откаже од понатамошно натпреварување, е должен на сметка на ОФМ да уплати определен износ согласно Дисциплинскиот правилник **и му се изрекува казна забрана за настап до две години.**

## Член 10.

За секоја доделена санкција на натпреварот, Клубот е должен да уплати во Фондот за заеднички трошоци на натпреварувањето и тоа:

- Казна **“P”** (црвен картон) – **1.500,00 денари** во готово;
- Исклучување **“E”** (црвен и жолт картон во една рака) - **2.000,00 денари** во готово;
- Дисквалификација **“D”** (црвен и жолт картон одвоено - во двете раце) - **3.000,00 денари** во готово.

**Член 11.**

ИО на ОФМ има право во текот на натпреварувачката сезона да изврши корекција на таксите за Приговори и Жалби, како и износот на мандатните казни и казнените картони.

**Член 12.**

- ОФМ доделува пехари и медали за Финалистите во Првите лиги;
- ОФМ доделува пехар за првопласираната екипа во Втора лига-жени;
- ОФМ доделува пехари и медали за Финалистите во Купот на ОФМ;
- ОФМ доделува пехари и медали за 1 - 3 пласирани екипи од младинските лиги на ОФМ;
- ОФМ доделува признанија на Клубовите и поединци за “FAIR-PLAY“;
- ОФМ доделува медали на Судискиот колегиум кој суди на финалните натпревари од Првенството и Купот на ОФМ.

**Член 13.**

Финансиските обврски по основ на изречени казни и /или санкции мора да бидат подмирени пред одигрување на натпревар од наредното коло.

Скопје, 23.09.2026

КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ
*Сања Никчевиќ с.р.*